Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со членовите 32 и 35 од Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје (“Службен гласник на Град Скопје“ број 10/15, 17/15, 04/16, 08/16, 13/16, 02/17, 08/17, 06/18, 15/18, 16/18, 02/19, 04/22, 09/22 и 11/22), Градоначалникот на Град Скопје објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.08-3640/1**
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПАКЕТИ ЛИНИИ И ЗА ДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ ЗА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

1.1. Предмет на јавниот оглас е доделување на пакети – линии и давање на дозволи за вршење линиски превоз на патници во Град Скопје, согласно единствена мрежа на линии утврдени во Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје (во натамошниот текст: Одлука).

1.2. Пакетите на линии со минималните потребни техничко – технолошки елементи за одржување на линиите согласно на елементи за одржување на линиите содржани во Одлуката се дадени во табелите:

**Пакет на линии 1:**

| **Линија** | **Минимален број на автобуси** | **Минимален број на возачи** | **Автобуси во резерва** | **Возачи во резерва** | **Вкупно автобуси** | **Вкупно возачи** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | 12 | 28 | 3 | 8 | 15 | 36 |
| 45 | 10 | 20 | 3 | 6 | 13 | 26 |
| 61 | 2 | 3 | 1 | 1 | 3 | 4 |
| 63 | 2 | 6 | 1 | 2 | 3 | 8 |
| 73 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **27** | **59** | **8** | **17** | **35** | **76** |

**Пакет на линии 2:**

| **Линија** | **Минимален број на автобуси** | **Минимален број на возачи** | **Автобуси во резерва** | **Возачи во резерва** | **Вкупно автобуси** | **Вкупно возачи** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 12 | 24 | 3 | 7 | 15 | 31 |
| 11 | 4 | 8 | 1 | 2 | 5 | 10 |
| 11А | 3 | 6 | 1 | 2 | 4 | 8 |
| 12 | 6 | 14 | 2 | 4 | 8 | 18 |
| 47А | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| 55 | 4 | 9 | 1 | 3 | 5 | 12 |
| **Вкупно** | **30** | **64** | **9** | **19** | **39** | **83** |

**Пакет на линии 3:**

| **Линија** | **Минимален број на автобуси** | **Минимален број на возачи** | **Автобуси во резерва** | **Возачи во резерва** | **Вкупно автобуси** | **Вкупно возачи** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 12 | 25 | 3 | 8 | 15 | 33 |
| 20 | 8 | 18 | 2 | 5 | 10 | 23 |
| 22 | 8 | 16 | 2 | 5 | 10 | 21 |
| 52 | 2 | 5 | 1 | 2 | 3 | 7 |
| 54 | 2 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | **32** | **66** | **9** | **21** | **41** | **87** |

1.2.1 Линиите од пакетите во точка 1.2. со број 9, 19, 22, 52, 61 и 63 ќе ги опслужуваат заедно избраниот превозник по овој оглас и Јавното сообраќајно претпријатие “Скопје“ – Скопје.

1.3. Доделувањето на пакетите – линии утврдени во точка 1.2 на овој оглас ќе се изврши по пат на евалуација на поднесените комплетни и навремени затворени пријави, врз основа на утврдени критериуми наведени во документацијата за јавен оглас.
1.4. Отварањето на поднесените затворени пријави ќе се одржи на ден 27 април 2023 година во 12 часот во барака бр. 13.
1.5. Пакетите на линии утврдени во точка 1.2. од овој оглас се доделуваат за период до 2 (две) години, со можност за продолжување, но не повеќе од вкупно 5 (пет) години.
1.6. Постапката за доделување на пакетите на линии и за давање дозволи за вршење линиски превоз на патници во градот Скопје ќе ја спроведе Комисија формирана од градоначалникот на Град Скопје.
1.7. По завршување на постапката, градоначалникот донесува решение за секоја линија од доделениот пакет. Град Скопје и избраниот подносител на пријава склучуваат договор, кој е составен дел од документацијата за јавниот оглас.

## 2. ВОЗЕН РЕД

2.1. Возните редови за линиите предмет на јавниот оглас, како и изводите од возните редови наведени во точка 1.2.1. на овој оглас се утврдени во документацијата за јавен оглас (Прилог бр. 2)

## 3. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

### 3.1 ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

3.1.1 Право на учество на јавниот оглас за доделување на пакетите линии и за давање дозволи за вршење линиски превоз на патници во градот Скопје од доделениот пакет имаат превозници - правни лица и трговци поединци, поединечно или организирани како група, кои ќе ги исполнат условите утврдени во документацијата за јавниот оглас и ќе достават банкарска гаранција или ќе го уплатат гарантниот депозит за учество на јавниот оглас.
3.1.2 Документацијата за јавниот оглас може да се подигне секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот, во просториите на Град Скопје – Сектор за сообраќај (барака бр. 14), на бул.„Илинден“ број 82, Скопје, Република Северна Македонија, со приложување доказ за уплатени неповратни средства (надоместок за подигнување на документација за јавен оглас) во износ од 4.000,00 (со зборови: четириилјади) денари.
Деталите за уплата се следниве:

**Цел:** Уплата за документација по јавен оглас бр. 08-3640/1

| | |
|---|---|
| **Назив на примачот:** | Трезорска сметка |
| **Банка на примач:** | НБРМ |
| **Трансакциска сметка:** | 100000000063095 |
| **Сметка на корисник:** | 785014123863012 |
| **Приходна шифра:** | 724125 |
| **Програма:** | 00 |

3.1.3 Лицето кое ќе ја подигне документација за јавниот оглас, мора да достави овластување издадено од правниот субјект за кого ја подигнува документацијата, со наведување на сите потребни податоци за контакт (адреса, телефон, факс, е-маил) на правниот субјект или лицето овластено од правниот субјект. Овластувањето се доставува лично при подигање на документација за јавен оглас.
3.1.4 Сите заинтересирани субјекти кои подигнале документација за јавниот оглас може да добијат подетални податоци и дополнителни информации во Секторот за

сообраќај, барака 14 – лице за контакт: Александар Станковски, тел. 02/3297308, e-mail: Aleksandar.Stankovski@skopje.gov.mk

3.1.5 Документите за исполнување на условите за учество во постапката се поднесуваат на начин утврден во документацијата за јавниот оглас. Деталните податоци во врска со јавниот оглас се утврдени во документацијата за јавниот оглас.

**3.2 ВИСИНА НА ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС**

3.2.1 Како дел од пријавата, подносителот на пријавата обезбедува гаранција за учество на јавниот оглас во форма на банкарска гаранција или депонирани средства во висина од 20.000,00 (со зборови: дваесетилјади) денари.

3.2.2 Банкарската гаранција треба да биде со рок на важност од 90 (деведесет) дена сметано од денот означен како краен рок за доставување на пријавите.

3.2.3 Банкарската гаранција се поднесува во оригинална форма, копии не се прифаќаат.

3.2.4 Средствата во денари треба да се депонираат на следната сметка:

| | |
|---|---|
| Назив на примачот | Трезорска сметка |
| Банка на примач | НБРМ |
| Трансакциска сметка | 100000000063095 |
| Сметка на корисник | 785014123869613 |
| Приходна шифра | 725939 |
| Програма | 00 |

3.2.5 По завршување на постапката, гаранцијата за учество или депонираните средства, се враќаат на учесниците во постапката во рок од 7 дена од денот на склучување на договорот со избраниот превозник.

**3.3 ВИСИНА НА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

3.3.1 Како дел од пријавата, подносителот на пријавата треба да достави писмена изјава дека со евентуално склучување на договорот истиот ќе обезбеди гаранција за квалитетно извршување на договорот во форма на банкарска гаранција или депонирани средства во висина од 20.000,00 (со букви: дваесетилјади) денари по возило, за кое поседува извод од лиценца за линиски превоз на патници во градот Скопје.

3.3.2 Избраниот превозник со потпишување на договорот треба да ја достави банкарската гаранција или депонираните средства.

3.3.3 По обезбедувањето на банкарска гаранција за квалитетно извршување на обврските од договорот или депонирање на средства, Град Скопје на избраниот превозник со кој ќе го склучи договорот ќе му ја врати гаранцијата за учество или депонираните средства за учество во постапката.

**4. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

4.1. Краен рок за поднесување на пријавите за учество на јавниот оглас е 24 април 2023 година до 12 часот по локално време.

4.2. Пријавите се доставуваат во запечатени коверти во архивата на Град Скопје (барака бр. 16) на. бул.„Илинден“ бр. 82, Скопје, Република Северна Македонија, со назнака „Пријава на јавен оглас бр. 08-3640/1 за доделување на пакетот линии бр.__ и за давање на дозволи за вршење превоз на патници во град Скопје“,

4.3. Подносителот на пријавата го приложува оригиналниот примерок на пријавата со целокупната документација во затворен коверт кој:

- е адресиран со точна адреса на Град Скопје;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на пријавата;
- во средината на ковертот се наведува називот на јавниот оглас.

4.4. Ако ковертите не се затворени и обележани како што се бара, Град Скопје не презема одговорност за нивно ненавремено и некомплетно пристигнување во неговата

архива  или за предвремено отворање.
4.5. Подносителот на пријавата во никој случај не треба да истакне информации на ковертот со кои ќе се открие идентитетот на подносителот.
4.6. Сите пријави кои ќе бидат поднесени спротивно на оваа точка ќе бидат оценети како неуредни и истите нема да се евалуираат.

## 5. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ

5.1 Доделувањето на пакет – линии и давањето дозволи за вршење линиски превоз на патници ќе се изврши по пат на евалуација на пријави.
5.2 Критериумите за избор на најповолна пријава, начинот и постапката подетално се дадени во документацијата за јавниот оглас, а генерално ќе се вреднуваат според следниве критериуми:
- Возен парк;
- Човечки ресурси;
- Техничка логистика;
- Искуство во вршење на општински линиски превоз на патници.

5.3 За најповолна пријава се смета пријавата со најголем број на бодови согласно на критериумите утврдени во точка 5.2, кои се детално утврдени во документацијата за јавниот оглас. Во случај на ист број на бодови поповолна пријава се смета пријавата што ја понудил подносителот на пријавата кој има поголем број на бодови од Прилог бр. 3 од Документација за јавен оглас - Критериуми за избор на превозник на одреден пакет на линии, точка РК 1.2. Просечна старост на возниот парк
5.4 Јавниот оглас се смета за успешен и во случај ако биде доставена најмалку една пријава што ги исполнува сите услови и барања предвидени во документацијата за јавниот оглас, во тој случај се прави евалуација, а не се врши бодување и рангирање на поднесената документација.

## 6. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНО ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

6.1 Јавното отварање на пријавите ќе се одржи на ден 27 април 2023 година во 12 часот во барака бр. 13.
6.2 Како навреме поднесена пријава ќе се смета пријавата предадена во рокот определен во огласот точка 4.1.
6.3 Ненавремено поднесени пријави како и пријавите кои не ги содржат потребните податоци предвидени со огласот не се земаат во предвид и по утврдување на состојбата му се враќаат на подносителот на пријавата.
6.4 Пријавата не може да биде изменета, заменета или повлечена по крајниот рок за поднесување на пријавите предвиден во точка 4.1.
6.5 Пред отварањето на пријавите подносителот на пријавата или негов застапник се должни на Комисијата да предадат лична карта или пасош, како и писмено овластување или полномошно заверено на нотар за застапникот. Јавното отварање ќе се изврши без оглед дали подносителот на пријавата или овластени лица се присутни на отварањето.
6.6 Постапката ја отвара Комисијата со утврдување на бројот на примени пријави и називи на превозниците, број на навремени и ненавремени пријави, утврдување на приложената гаранција за учество на јавниот оглас во форма на банкарска гаранција или депонирани средства и идентификација на претставниците на понудувачите.
6.7 Комисијата пристапува кон отворање на пријавите (по редот на приемот) и утврдува кои подносители на пријави ги исполнуваат условите за учество утврдени во овој оглас и документацијата за јавен оглас.
6.8 При отворањето на пријавите се води записник.
6.9 Присутните претставници на подносителот на пријавата пополнуваат образец за присуство што е составен дал на записникот. Со содржината на записникот се запознаваат сите присутни. Присутните претставници на подносителот на

пријавата можат да дадат забелешки на постапката на посебен образец што е составен дал на записникот.

## 7 ПОСТАПКА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

7.1 Комисијата на затворен состанок детално ги разгледува пријавите и документацијата кои ги исполнуваат условите за учество на огласот и врз основа на вреднување на утврдените критериуми изготвува ранг листа за секој пакет линии.

7.2 За својата работа Комисијата изготвува Извештај, со предлог за давање на дозвола за линиите од пакетите кој веднаш го доставува до Градоначалникот. Градоначалникот донесува решение за секоја линија од доделениот пакет. Против решението со кое се одбива, незадоволните подносители на пријава имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

7.3 Градот Скопје и избраниот подносител на пријава склучуваат договор во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на известувањето за конечноста на решението. Ако избраниот подносител на пријава не се јави во рокот наведен во поканата за склучување, односно потпишување на договорот, Градот Скопје ќе определи нов термин кој не може да биде подолг од 5 (пет) дена од денот на приемот на известувањето за новиот термин. Доколку не се јави и не го потпише договорот ниту во новиот термин ќе се смета дека се откажал од доделената линија, а донесеното решение ќе се поништи и ќе се наплати доставената гаранција за учество на јавниот оглас.

Број 08-3640/1
Скопје

Градоначалник на Град Скопје
**Данела Арсовска**